**ОПШТИНА ЛОЗОВО**
**Адреса: ул.Маршал Тито бб 2208 Лозово**
**тел/фах: +389 (0) 32 458 458**
**+389 (0) 32 458 450**
**e-mail: opstinalozovo@opstinalozovo.gov.mk**
**www.opstinalozovo.gov.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-2209/1
13.12. 2021 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на чл. 50 ст.1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.С.Македонија бр.05/2002) , член 36 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник на Општина Лозово бр. 02/05, 29/14 и 73/17) и Програмата за Ден на Општина Лозово за 2021 година бр.0801-1726/1 од 18.11.2020 година Градоначалникот на Општина Лозово на ден 13.12.2021 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**За распишување на ЈАВЕН ЛИКОВЕН КОНКУРС по повод одбележувањето на ,, Ден на Општина Лозово,,**

**1)Градоначалникот на Општина Лозово, распишува Јавен Ликовен конкурс на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,,**

**2) Во врска со Јавниот конкурс, Градоначалникот на Општина Лозово, со посебно решение ќе формира Комисија за рангирање на најдобрите ликовни творби, кои ќе бидат изработени на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,,**

**3) Право на учество имаат сите ученици од ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово од I до IX одделение.**

**4) За најуспешните ликовни творби , ќе бидат доделени соодветни награди**

**5) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување на истата.**

***Дата:***
***13.12.2021 година***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Општина Лозово***
***Градоначалник***

***Бошко Цветковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-2209/2
13.12. 2021 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на чл. 50 ст.1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.С.Македонија бр.05/2002) , член 36 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник на Општина Лозово бр. 02/05, 29/14 и 73/17) и Одлука бр. 0901-2209/1 од 13.12.2021 година за Распишување на ЈАВЕН ЛИКОВЕН КОНКУРС на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, по повод Денот на Општина Лозово Градоначалникот на Општина Лозово на ден 13.12.2021 година донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за избор на најдобрите ликовни творби на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, по повод ,, Денот на Општина Лозово,,**

*1) **СЕ ФОРМИРА*** Комисија за избор на најдобри ликовни творби по повод Денот на Општина Лозово на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, во состав:
-Анкица Анакиева – Претседател
-Даниела Мијалковска - член
-Виолета Спасова Колева - член
**2) СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за избор на најдобрите ликовни творби по повод Денот на општината на тема: ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, да објави Јавен конкурс
**3) СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за избор на најдобрите ликовни творби пристигнати во општината по повод Денот на општина Лозово , на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, доставени од учениците од ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово , најдоцна до 23.12.2021 година( Четврток), да изврши избор на најдобрите ликовни творби и одлуката да ја достави до Градоначалникот на Општина Лозово
4)**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Бошко Цветковски – Градоначалник на Општина Лозово да ги соопшти избраните ликовни творби на тема **,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,,**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од страна на Бошко Цветковски, Градоначалник на Општина Лозово, по повод Денот на општината донесена е одлука за распишување на ЈАВЕН ЛИКОВЕН КОНКУРС на тема: ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,,. Право на учество имаат сите ученици од I до IX одделение при ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово. Градоначалникот на Општина Лозово за најдобрите творби на тема ,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, ќе додели соодветни награди.
Имајќи го предвид погоренаведеното, Градоначалникот се одлучи како во диспозитивот на ова Решение
Правна поука: Против ова решение незадоволната страна има право да покрене управен спор во рок од 8 дена од денот на приемот на ова Решение пред Управен суд.
***Дата:***
***13.12.2021 година***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Општина Лозово***
***Градоначалник***

***Бошко Цветковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-2209/3
13.12.2021 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на Одлука бр. 0901-2209/1 од 13.12.2021 год. за распишување на ЈАВЕН ЛИКОВЕН КОНКУРС по повод Денот на Општина Лозово, донесена од Градоначалникот на Општина Лозово и Решение бр. 0901-2209/2 од 13.12.2021 година за формирање на Комисија за избор на најдобрите ликовни творби на тема: **,,Заштита на животната средина и оддржливи еколошки навики кај децата,, Претседателот на комисијата на ден 13.12.2021 година објавува:**

## ЈАВЕН КОНКУРС

**за изработка на ликовни творби на тема:**
**,, Заштита на животната средина и одржливи еколошки навики кај децата,,**

**<u>Цел на конкурсот:</u>**

Конкурсот се распишува со цел да се стимулира детското ликовно творештво, да се поттикне креативноста кај младите и да се зајакне грижата кон животната средина.

**<u>Услови:</u>**

1.Право на учество имаат сите ученици од ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово од I до IX одделение
(Темата треба да е претставена со оригинални ликовни творби кои претходно не се објавувани и не учествувале на други конкурси).
2.Техниката на изработка на творбите е по слободен избор на учениците.

3.Пристигнатите творби ќе бидат разгледани од Комисијата оформена од страна на Градоначалникот на Општина Лозово која ќе одлучува по истите.

4.Градоначалникот ќе додели 3 (три) награди за најуспешните ликовни творби.

5.Сите пристигнати творби ќе бидат изложени на свеченост организирана по повод Денот на општина Лозово .
Секој заинтересиран учесник ликовната творба да ја потпише со име презиме, да наведе одделение, ментор и училиште. Творбите се доставуваат до Општина Лозово на ул. Маршал Тито бб, најдоцна до 22.12.2021 година со назнака за ,,Комисија за избор на најдобрите ликовни творби од Општина Лозово,,.
За најдобрите ликовни творби за I, II и III место ќе се обезбедат скромни награди
Комисијата за избор ќе додели и дополнителни награди во облик на благодарници за учество и пофалници за успешни ликовни творби.

Дата:13.12.2021 година

***Општина Лозово***
***Градоначалник***

***Бошко Цветковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Општина Лозово***
***Претседател на комисија***

***Анкица Анакиева***